## Образложение кон финансиските извештаи за период 01.01.2020 година до 31.03.2020 година

Во период од 01.01.2020 година до 31.03.2020 година ДГ Бетон АД Скопје оствари позитивен финансиски резултат во износ од 10.540 илјади денари.

**А. Вкупни приходи**

Остварените вкупни приходи заклучно со Март 2020 година изнесуваат 181.752 илјади денари, и се намалени во однос на 2019 година, но сепак се во рамките на очекуваните за првиот квартал од 2020 година, имајќи ја во предвид целокупната новонастаната ситуација со Ковид 19 вирусот. Проекцијата за првиот квартал беше ревидирана, заради препораките и мерките што како компанија ги превземавме во насока на почитување на вонредната состојба, што ја успори реализацијата. Од друга страна, свое вилјание врз дејноста имаше и ограичениот транспорт и движењето на работници и материјали по објектите, како и ограничувањата во групирање на бројот на работниците по одредени позиции за работа на истите.

Очекуваме во наредните квартали да ја реализираме планираната динамика за 2020 година.

**Б. Вкупни Расходи**

Остварените вкупни расходи во период Јануари-Март 2020 година изнесуваат 171.212 илјади денари и се намалени за 35% во споредба со расходите од првите три месеци на 2019 година.

Во првиот квартал од 2020 година ДГ Бетон АД Скопје нема промени во кредитната изложеност. Континуирано се превземаат активности во насока на реорганизација и рационализација на трошоците.

**В. Инвестиции**

Во периодот јануари - март 2020 година во основни средства се вложени 24.886 илјади денари.

**Скопје, 15.05.2020година**

**ДГ Бетон АД Скопје**